Врз основа на член 21 став 2 од Законот за занаетчиство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/15), министерот за економија донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА МИНИМАЛНО ТЕХНИЧКИТЕ
# УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ИСПОЛНУВААТ ПРОСТОРИИТЕ ВО КОИ СЕ ВРШИ ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат минимално техничките услови кои треба да ги исполнуваат просториите во кои се врши занаетчиска дејност.

## Член 2

Просториите во кои се врши занаетчиска дејност треба да имаат најмалку 2,5 м висина и површина од 5 $м^2$. Во случај на простории со кос покрив, најмалата висина не треба да биде под 2,2 м.

## Член 3

Површината од просторијата наменета за движење на вработените треба да биде димензионирана да овозможува слободно и безбедно движење на вработените.

## Член 4

Во просториите, во зависност од видот на дејноста и суровината која се преработува, треба да се овозможи природна или вештачка вентилација.

Доколку во просториите, при вршењето на дејноста, настануваат гасови, испарувања, магла или прав во неподносливи количини или концентрација која не може да се спречи, треба да се вградат уреди за вшмукување и пречистување, кои ќе се постават непосредно над опремата која истите ги создава.

## Член 5

Во просториите во кои се врши дејноста  бучавата треба да е во рамките на дозволените нивоа согласно прописите за заштита од бучава.

## Член 6

Во просториите треба, додека трае работното време, во склад со надворешните услови и потребите на вработените, да се овозможи соодветна температура.

Член 7

Просториите треба да бидат осветлени за да овозможат добра видливост.

Прекинувачите на осветлувањето треба да бидат вградени до вратите.

Член 8

Подот во просториите не треба да биде лизгав и да има нерамнини и треба да овозможи лесно одржување на чистотата.

Површината на ѕидовите треба да е таква да овозможува лесно чистење. Доколку се работи за провидни ѕидови или ѕидови изработени од стаклени елементи, тие треба да бидат направени од материјал кој при своето кршење не може да предизвика физички повреди.

Покривот се изработува од стандардни материјали согласно прописите од областа на градежништвото.

Член 9

Прозорците и осветлувањето од покривот треба да се опремат за да го спречат непосредното сончево зрачење.

Прозорците кои се отвараат со горниот дел треба да имаат соодветен механизам за отварање и затварање.

Член 10

Положбата, бројот, изведбата и димензиите на вратите треба да зависат од видот на просториите и нивната употреба.

Летечките врати треба да бидат провидни или да имаат отвор низ кој ќе може да се обезбеди видливост.

Член 11

Просториите треба да се опремени со мијалници за раце и тоалети.

Доколку занаетчиската дејност се врши исклучиво од страна на занаетчијата, просториите не мора да имаат тоалет.

Во зависност од природата на занаетчиската дејност како и бројот на вработените, просториите треба да имаат и бања.

Доколку има вработени и од двата пола (машки и женски), тоалетите и бањите треба да бидат одвоени.

Член 12

Подвижни скали и бескрајни ленти кои се користат за превоз на вработените треба да бидат така изведени да гарантираат сигурност во превозот.

Подвижните скали и бескрајните ленти треба да бидат опремени во случај на опасност по корисникот, со лесно препознатлив уред за исклучување, кој треба да биде поставен на лесно пристапно место.

Член 13

Рампата за утовар/истовар треба да биде широка најмалку 0,80 м и да има најмалку еден излез.

Кај рампи со поголема должина од 20 м се препорачува на секој крај да има излез. Излезите треба да бидат во вид на скали или косина.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за исполнување на минимални технички услови за вршење на занаетчиска дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/04).

Член 15

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр. ________________________ Министер за економија,

Скопје, ___________________ Крешник Бектеши